Бр. 09-520/2
29-03-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 07 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-520/1 од 27.02.2019 година, бидејќи во истата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси.

Предметот со број 09-520/1 од 27.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-520/1 од 27.02.2019 година е оформен врз основа на доставена анонимна пријава во која е наведено дека началник на Регионален центар за гранични работи, го вработува својот син во полициска станица.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во истата нема доволно податоци и елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk